Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

2021

Извадок на ден од дневни настани 24.12.2021

На 23.12.2021 на место викано „Гумушница" во Прилеп, полициски службеници од Полициска станица Прилеп го привеле А.И.(33) од Прилеп. За него била распишана потерница од Основен суд Прилеп за издржување казна затвор од една година и шест месеци. Тој бил спроведен во Казнено-поправната установа - Затвор Прилеп за издржување на казната.

На 24.12.2021 во 01.20 часот, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје на подрачјето на Аеродром го лишиле од слобода Е.Р.(46) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена бела прашкаста материја. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 23.12.2021 во 21.50 часот, полициски службеници од Единицата за интервентна полиција при СВР Скопје на подрачјето на Горче Петров го лишиле од слобода Р.А.(37) од Скопје затоа што кај него била пронајдена и одземена марихуана. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

Денеска (24.12.2021) околу 03.15 часот полициски службеници на СВР Тетово спровеле акциска контрола во угостителски објект во тетовско Желино, сопственост на 49-годишниот З.С. од ова село. При контролата биле затекнати и лишени од слобода 11 женски лица (6 странски државјанки - 5 од Република Албанија и 1 од Република Србија и 5 наши државјанки) поради сомнение за нивна инволвираност во кривично дело „трговија со луѓе" (член 418 А од Кривичниот законик). По лишувањето, 11-те женски лица на возраст од 27 до 45 години задржани се во Полициската станица Тетово за целосно расчистување и документирање на случајот.

На 23.12.2021 во 14.00 часот на Граничен премин „Долно Блаце" биле приведени Е.Г.(18) од Косово поради пречекорен престој во оваа држава и Е.М.(21) од Косово поради илегален влез во државата. Лицата се предадени на полициски службеници од Одделение за прекуграничен криминал, миграции, readmisija и странци, ОСР Скопје за понатамошна постапка.

На 24.12.2021 во 01.50 часот на Граничен премин „Деве Баир" од слобода бил лишен Ј.И.Х.(48) од Турција поради постоење основано сомнение за сторено кривично дело „фалсификување исправа". Лицето е предадено на полициски службеници од Полициска станица Кратово за понатамошна постапка.

На 23.12.2021 во периодот од 06 до 10.00 часот на подрачјето на СВР Охрид биле спроведени зајакнати сообраќајни акциски контроли. Притоа, полициските службеници санкционирале 12 возачи на моторни возила кои во населено место управувале автомобил со брзина поголема од дозволената (Охрид-01, Струга-06, Кичево-03, Дебар-02) и 05 возачи кои надвор од населено место управувале возило со поголема брзина од пропишаната (Охрид-04, Дебар-01). Полициските службеници во Охрид поднесоа и соодветни платни налози за 04 возачи на моторни возила кои иршиле непропишо престигнување.

На 23.12.2021 околу 10.50 часот во СВР Велес биле пријавено дека на регионалниот пат Велес – исклучок за с.Мамутчево се случила сообраќајна несреќа помеѓу патничко возило „фолксваген голф" со светиниколски регистарски ознаки, управуван од И.С.(47) од с.Горобински, светиниколско и запрежно возило, управувано од И.З.(75) од Велес. Во несреќата И.З. се здобил со тешки телесни повреди, а сопатникот во запрежното возило С.У.(65) од Велес, возачот И.С. и сопатничката во неговото возило В.С.(74) од с.Горобински се здобиле со телесни повреди, констатирани во болницата во Велес. Увид на местото извршиле екипа на СВР Велес.

На 23.12.2021 во 08.15 часот во СВР Штип било пријавено дека на ул.„Карл Маркс" во Штип, патничко моторно возило „шевролет спарк" со штипски регистарски ознаки, управувано од А.А.(24) од Штип, удрило во паркирано патничко моторно возило „опел астра" со штипски регистарски ознаки, при што настанал пожар во возилото „шевролет спарк". Од екипа на Територијалната противпожарна единица Штип пожарот бил изгаснат. Во несреќата со тешки телесни повреди се здобила сопатничката С.К.(62) од Штип, констатирани во Клиничката болница во Штип. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Штип.

На 23.12.2021 во 16.10 часот во Полициската станица Горче Петров, И.И.(59) од Скопје пријавил дека на ул.„Христо Батанџиев" бил каснат куче скитник.

Во текот на изминатото денонокие (23.12/24.12.2021) на територијата на Република Северна Македонија, за мерката за носење лична заштита на лице, регистрирани се 8(осум) прекршоци.

Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал при Министерството за внатрешни работи до надлежното ОЈО за гонење на организиран криминал и корупција поднесе кривична пријава против М.А.(27) и А.Х.(20), двајцата од Пакистан, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „криумчарење мигранти" по член 418-б од Кривичниот законик. Имено, на 22.12.2021, по преземени мерки и активности на автопатот Куманово – Табановце, во напуштени објекти во село Горно Којнаре, кумановско, полициски службеници од Одделот за сузбивање на организиран и сериозен криминал пронашле 40 лица – мигранти од кои 21 лице од Индија, 15 од Сирија, две од Пакистан, и по едно лице од Мароко и Турција. Меѓу лицата три се малолетни. Исто така, при преземањето мерки било утврдено дека М.А. и А.Х., кои биле дел од групата, ја организирале групата за финансиски надомест на лицата требало да им организираат илегален премин на македонско-грчката граница. По текот на денот М.А и А.Х. ќе бидат изведени пред судија на претходна постапка, додека, останатите лица се сместени во Прифатен центар.

На 23.12.2021, полициски службеници од ЕВР Центар и Бит Пазар и Единица за интервентна полиција го привеле А.А.(37) од Скопје, поради тоа што истиот ден на ул.„Лазар Личеновски" одел повеќе предмети од незаклучено возило „форд галаксиј" со скопски регистарски ознаки, сопственост на А.М.(28) од Скопје.Тој бил приведен во полициска станица и во службен разговор со полициски службеници го признал делото. Одземените предмети биле пронајдени и вратени на сопственикот. По целосно документирање на случајот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 23.12.2021 во 20.10 часот на Граничен премин Табановце, полициски службеници од Регионалниот центар за гранични работи Север при контрола во автобус на превозно претпријатие од Тетово, констатирале дека возачот Ш.А.(56) од Тетово не поседувал лекарско уверение. Исто така, во 23.10 часот на Граничен премин Табановце, полициски службеници од Регионалниот центар за гранични работи Север извршиле контрола во автобус на превозно претпријатие од Дојранска. При контролата било констатирано дека едниот возач Б.Ш.(36) од Тетово не поседувал лекарско уверение, а другиот возач Б.С.(42) од Тетово не поседувал лекарско уверение и сертификат за професионален возач за меѓународен превоз на патници и стока. Лицата и документите биле предадени на Царинската управа за понатамошна постапка.

Полициски службеници на СВР Тетово во содејство со државни и општински инспектори по сообраќај, денеска (24 декември) од 06 до 10.00 часот спровеле акциска контрола на автобуси и други возила кои вршат јавен превоз на патници. При контролата биле откриени 2 автобуси (ТЕ-1 и ГВ-1) кои имале неисправни сопирачки и кои веднаш биле исклучени од сообраќај, а на нивните возачи изготвени им се соодветни поднесоци. Покрај ова, соодветни поднесоци изготвени им се на 10 возачи (ТЕ-6 и ГВ-4), најмногу за немање на лекарски уверенија и за несоодветен катеринг за управување. На два превозници (ТЕ) изготвени им се поднесоци за непоседување на потребните лиценци, а преземени се и 4 други мерки(ГВ).

На 23.12.2021, полициски службеници на СВР Тетово-Полициска станица за безбедност на патниот сообраќај Тетово санкционирале 84 прекршоци кои се однесувале на непропишо паркирање, најмногу на улиците „Илинденска" и „Маршал Тито" во Тетово.

На 23.12.2021 околу 09.30 часот во ОВР Дебар било пријавено дека покрај регионалниот пат Дебар-Струга, во близина на Дебар, била пронајдена рачна бомба. Увид на местото извршиле екипи од ОВР Дебар и Дирекцијата за заштита и спасување од Тетово, а бомбата била безбедно подигната од претставници на Дирекцијата за заштита и спасување.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против С.Л.(30) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „недозволено изработување,држење и тргување со оружје или експлозивни материи". На 08.10.2021, полициски службеници извршиле претрес во домот и други простории на С.Л. во с.Љуботен, скопско, при што биле пронајдени и одземени еден пиштол „Црвена Застава" калибар 7,65мм и една рамка од пиштолот и 12 куршуми калибар калибар 7,65мм.

СВР Скопје поднесе кривична пријава против С.М.(26) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 06.09.2020 и 04.10.2020, затворски службеници од Казнено-поправната установа Затвор Идризово извршиле претрес врз С.М., при што биле пронајдени и одземени хероин и мешавина од хероин и диазепам.

СВР Куманово поднесе кривична пријава против Д.С.(34) од Куманово поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". Во текот на 2020 година во атар на с Желдане, општина Старо Нагоричане, сопственикот засадил и одгледувал во саксии повеќе стебла од растението канабис, кои биле пронајдени и одземени од полициски службеници.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кочани поднесе кривична пријава против Е.Б.(30) од Кочани поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги,психотропни супстанци и прекурсори". На 14.12.2020, полициски службеници извршиле преглед врз приведениот, при што пронашле и одзеле хероин .

ОВР Прилеп поднесе кривична пријава против А.М.(27) од Прилеп поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела „кражба" и „фалсификување на исправа". На 02.11.2021, приведениот извршил бесправна сеча на дрва во место викано „Беловодица", прилепско и одзел дрва од туѓа шума, по што ги превезувал без да поседува никаква документација.

СВР Куманово поднесе кривични пријави против С.А.(24) и Д.І.(48) поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „непоспитување според здравствените прописи за време на епидемија". Во периодот од 21.04.2021 до 31.05.2021, на автопат Скопје - Куманово, полициски службеници ги затекнале приведените како се движат без дозвола за движење за време на забрана за движење на целата територија на државата.

Регионалниот центар за гранични работи Север поднесе кривични пријави против С.Н (52), С.М.(25), Ш.Р (47) поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „фалсификување на исправа" и „непоспитување според здравствени прописи за време на епидемија". Во периодот од 23.10.2021 до 27.10.2021, на Граничен премин Табановце, приведените приложиле фалсифицувани П ЦР тестови.

На 23.12.2021 во 03.39 часот во СВР Скопје било пријавено дека во Градската општа болница „Св.Наум Охридски" со тешки телесни повреди на преглед се јавил Р.С.(24) од Скопје. Полициски службеници излегле на местото и во разговор со нив Р.С. изјавил дека во нас.Влае бил физички нападнат од повеќе лица кои притоа употребиле разни предмети. Се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

На 23.12.2021 во 12.55 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул.„Партенај Зографски" настанал пожар во кој биле опожарени повеќе електрични броила. Пожарот бил изгаснат од екипа на Бригадата за противпожарна заштита Скопје, а повредени лица нема. Увид бил извршен.

На 23.12.2021 околу 14.25 часот на армиското стрелиште „Пенуш" во Штип, при изведување на обука - боево гаѓање со повреди се здобил припадник на МВР Ј.Г.(53). Тој бил пренесен во Клиничка болница Штип каде му биле констатирани телесни повреди и по укажаната медицинска помош е пуштен на домашно лекување.

На 23.12.2021 во 16.30 часот во СВР Скопје е пријавено дека во близина на средно училиште на подрачје на Центар бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу двајца 15 годишници од Скопје. Сочинети се записници за констатиран прекршок од ЗЈПЈРМ.

На 24.12.2021 во 01.50 часот во СВР Скопје, М.П.(38) од с.Глуво, скопско, пријавил дека околу 01.40 часот во близина на угостителски објект во с.Глуво бил физички нападнат од Д.Г. и П.К., кои со тврд предмет му го оштетиле и неговото патничко моторно возило „бмв" со скопски регистарски ознаки. Сочинет е записник за констатиран прекршок од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

На 23.12.2021 во 22.00 часот во СВР Скопје, В.П.(38) од Скопје пријавила дека околу 20.00 часот во комплекс клиники „Мајка Тереза", додека била на работно место, била физички нападната од едно женско лице. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 23.12.2021 во 09.00 часот во СВР Скопје било пријавено дека во двор од основно училиште во с.Зелениково, скопско, по претходна расправија, бил нарушен јавниот ред и мир со физичка пресметка помеѓу двајца малолетници. Сочинети се записници за констатиран прекршок од Законот за прекршоците против јавниот ред и мир.

На 23.12.2021 во 18.10 часот во СВР Скопје, Т.А.(42) од Скопје пријавил дека настанал пожар во неговата куќа во Драчево. Од страна на екипа на Бригадата за противпожарна заштита пожарот бил изгаснат. Излезено било на местото на настанот од полициски службеници од СВР Скопје.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија
Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 e-поштa: kontakt@moi.gov.mk
Изработено од Унет